На седницата одржана на 11.07.2024 година, Советот на родители, согласно чл. 18 од Деловникот за работа на советот на родители, пристапи кон донесување на нов Правилник за избор на претставници во Совет на родители, при што го усвои следниот текст на Правилникот:

# ПРАВИЛНИК

за избор на претставници во Советот на родители во ООУ „Кузман Јосифовски - Питу“ - Скопје

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува организацијата и изборот на претставници на паралелките од редот на родителите/старателите, за членови на Советот на родители на ООУ „Кузман Јосифовски - Питу“ - Скопје (во натамошниот текст: Советот), во работните тела на Советот, правата и обврските на членовите и отповикување на членови на Советот.

### Член 2

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, од редот на родителите, односно старателите на учениците, а со цел да се обезбеди транспарентност и ефикасност во работата на Советот, се избираат претставници- членови на Советот од секоја паралелка во училиштето. Се избираат претседател/ка, заменик претседател/ка на паралелката и благајник/чка на паралелката. Може да се изберат и други функции по потреба на паралелката, наменски или привремени, но истите не се членови на Советот.

### Член 3

Членовите на Советот на родители се избираат од редот на родителите или старателите на учениците во паралелката, на првиот родителски состанок за таа школска година.

Изборот го води одделенскиот или класниот раководител, при шти истиот има обврска да го достави записникот од изборот во архивата на училиштето.

Секој родител или старател може самостојно да се пријави за членство во Советот, или да биде предложен од група од најмалку 3 родители.

Изборот на членовите се врши со мнозинство гласови од присутните родители или старатели на состанокот на паралелката.

Се избираат тројца претставници на паралелката, претседател/ка, заменик-претседател/ка и благајник/чка.

### Член 4

Мандатот на членовите на Советот трае три години, со можност за еден реизбор, доколку ги освои потребниот број гласови. Членот на Советот делува во рамките на соработката на училиштето со родителите/старателите, заради разгледување на прашања од заеднички интерес за работата на училиштето и учениците, како и прашања поврзани со реализацијата на процесот на воспитно - образованата работа во училиштето.

### Член 5

На седниците на Советот задолжително присуствува претседател/ката на паралелката. Доколку претседателот/ката е спречен/а да присуствува, тогаш присуствува замeникот.

Членот на Советот ја претставува исклучиво својата паралелка на состаноците на Советот, при што истиот мора да е добро информиран и со поддршка од родителите од својата паралелка, за да може да ги застапува, да гласа во нивно име и врши дејности предвидени во Деловникот за работа на Советот на родители.

Членот на Советот е должен да присуствува на секоја седница на Советот и активно и конструктивно да придонесува во дискусиите и работата на Советот.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

### Член 6

Членот на советот:
- учествува во работата и одлучувањето по прашањата што се во надлежност на советот;
- присуствува и учествува на состаноците на советот;
- предлага расправа за разгледување на прашања од надлежност на советот;
- учествува во расправата и донесувањето одлуки по прашања за кои расправа советот;
- дава иницијативи за унапредување на работата на советот;
- постапува по заклучоците на советот;
- постапува по предмет што ќе му биде даден за работа така што презема дејства;
- ги следи и проучува законите и прописите и општите акти поврзани со областите за кои Советот одлучува,
- има надлежност да дава инцијативи, предлози, мислења за сите прашања за кои е надлежен советот;
- учествува во комисиите што ги формира советот;
- на барање на претседателот подготвува извештај за одредени прашања од интерес на советот;
- се грижи за спроведување на годишната програма на советот;
- постапува во согласност со деловникот и врши други работи определени со статутот на училиштето;

### Член 7

Членот на советот писмено или по електронска пошта го известува претседателот за отсуство од состанок, а во отсуство на претседателот на заменикот на претседателот.

(1) Членот има должност да присуствува на седниците и да учествува во работата и одлучувањето.
(2) Членот кој е спречен да присуствува на седницата е должен за тоа, како и за причините за спреченоста, најдоцна 24 часа пред почетокот на одржувањето на седницата да го извести претседателот.
(3) Доколку некој член ја напушти седницата за време на нејзиното траење од која било причина, тој е должен за тоа да извести на самата седница и истото се констатира и евидентира во записникот.

### Член 8

Во итни случаи, или во случаи на спреченост за лично присуство на еден или повеќе членови на советот, отсутните членови имаат обврска еден ден пред седницата, преку електронска пошта да се изјаснат по точките на дневниот ред за кои се расправа. Во тој случај одлуките што ќе се донесат писмено ќе бидат верификувани на првата наредна седница на советот.

### Член 9

Членот на советот има право од претседателот да бара и да добие известување за сите прашања што се однесуваат на работата на советот.

## III. ПРОЦЕДУРА ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ

### Член 10

За присуството и редовноста на членовите на Советот се води записник, како и листи на присуство. Членовите на советот задолжително се потпишуваат во листите на присуство при секоја седница на Советот. Секое отсуство на избраниот член-претседател/ка на паралелката треба да биде однапред најавено, и да се обезбеди соодветна замена од страна на заменик-претседателот/ката на паралелката. Дозволени се најмногу три (3) неоправдани отсуства од седници на Советот на родители на годишно ниво, збирно од претседател/ка и заменик-претседател/ка на паралелката.

### Член 11

Членовите на Советот на родители можат да поднесат оставка во секое време, со писмено известување до Советот и до класниот или одделенскиот раководител на паралелката. Писменото известување треба да биде потпишано и заверено во архивата на училиштето, за да може по него да се постапува во насока на избор на нов член на Советот од истата паралелка. До избор на нов член на Советот, функцијата на член на Советот ќе ја врши заменикот- член на Советот од истата паралелка.

### Член 12

Член на Советот може да биде отповикан ако:

- Не ги извршува своите обврски дадени од паралелката, Советот, комисиите и телата при Советот или стручните служби при училиштето.
- Самостојно поднесе оставка, а не ја завери во рок од три дена во архивата на училиштето.
- Кога нивното дете го заврши школувањето, односно го продолжи во друго училиште или на било кој друг начин го загуби статусот на ученик во училиштето,
- Поради неизвршување на одредени задачи што му се дадени од страна на Советот,
- Во случај на непочитување на одредбите од етичкиот кодекс за однесување на членовите на советот на родители.
- Поради неприсуство на седниците на советот повеќе од 3 пати во тек на една школска година.
- Петиција за отповикување е поднесена од мнозинство од 50% плус 1 од вкупниот број на родители или старатели во паралелката.

### Член 13

Процедурата за отповикување на членот на Советот од страна на родители/старатели од паралелката започнува со поднесување на писмена петиција до одделенскиот/класниот раководител.

Петицијата мора да биде потпишана од мнозинство од 50% плус 1 од вкупниот број на родители или старатели од паралелката и да биде доставена во архивата на училиштето, со образложение на причините поради кои се бара отповикување на членот-претставник/чка на паралелката.

Одделенскиот/класниот раководител е должен да свика состанок во рок од 15 дена од приемот на петицијата.

На состанокот, присутните членови го разгледуваат прашањето и вршат евалуација на работата на членот за кој има поднесено петиција. Потоа гласаат за или против отповикување на членот. Отповикувањето се врши со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

### Член 14

Доколку Советот реши да го отповика членот, истиот прави записник од дискусијата и гласањето и го доставува во архивата на училиштето. Во тој случај се известува и класниот/одделенскиот раководител, кој треба да ги извести родителите/ старателите и да ја повтори процедурата за избор.

Советот може да реши да не го отповика членот и во тој случај го известува класниот/одделенскиот раководител на паралелката за да организира родителска средба на паралелката каде ќе се дискутира новонастанатата ситуација. По барање на класниот/

одделенскиот раководител на паралелката, на таа родителска средба може да присуствува и претседателот/ката на Советот

**Член 15**

Престанокот на должноста член на Советот по другите основи од Член 8 го констатира претседателот на Советот со заклучок и во рок од три дена од донесувањето на заклучокот го известува одделенскиот наставник, односно класниот раководител на паралелката за потребата од избор на нов член во Советот.

Во случај на отповикување на член или престанување на должноста по друг основ, се врши избор на нов член на Советот од страна на паралелката.
Новиот член се избира со мнозинство гласови од присутните родители или старатели на состанокот на паралелката, при процедурата опишана во член 3 од тековниот Правилник.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Иницијативата за измени и дополнување на Правилникот може да се даде со петиција-барање од страна на: родителите/старателите на учениците, членовите на советот, наставничкиот совет, како и училишниот одбор.
Врз основа на поднесеното писмено барање кое содржи кратко образложение за причините поради кои се поднесува иницијативата, Советот одлучува за постапката.

**Член 16**

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото усвојување од страна на Советот на родители.
Истиот ќе се објави на огласната табла од училиштето и на информативниот билтен на Советот на страната: https://kjpituskopje.edu.mk

Сите измени и дополнувања на правилникот се вршат со мнозинство гласови од членовите на Советот.

Дата: ______________

Записничар: ___________________

Претседател
на Совет на родители
_____________________